**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**

**Број. 09/24-22/07**
**07.07.2024 година**
**Кочани**

| ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани | |
|---|---|
| Конечен извештај од Интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | 27,28 и 29.05.2024 година |
| Број на извештај: | 04/02/2024 година |
| Раководител на инспекциски тим: | Зоранчо Горгиев |
| Вид на училиштето: | основно |
| Подрачни училишта | / |
| Основач на училиштето: | општина Кочани |
| Наставен јазик: | Македонски јазик |
| Број на ученици: | 463 ( 378-мак и 85-роми ) |
| Полова структура на ученици: | 239машки и 224женски |
| Број на наставници: | 46 |
| Претседател на училишниот одбор: | Маја Захаријева Ситновска |
| Директор на училиштето: | Благој Петров |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 28,29 и 30. 01.2019 година |
| Адреса на училиштето: | ул„Теодосија Паунов“ бр.95Кочани |
| Телефон: | 033 271-692 |
| Факс: | 033 271- 692 |
| e-mail: | malinapoivanova@yahoo.com |
| Оценка ИЕ | 2.69 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08; 148/09; 57/10; 51/11; 24/13; 137/13; 164/13, 41/14,33/15, 145/15 и 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, општина Кочани, во период од 27,28 и 29.05.2024 година,согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, извршена е Интегрална евалуација од страна на тим на тројца државни просветени инспектори. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-

образовниот процес во училиштето како и примената на законите,другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тродневниот надзор, тимот на Државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници,Училишниот одбор,Советот на родители и Ученички парламент.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи, посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на Државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, е **2.69 добро**[1].

Воспитно - образовната работа во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочанисе остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II, III, IV,V и VIодделение, согласно новата Концепцијата за основно образование.Наставниците кои реализираат настава имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образовани, организирана од страна на Бирото за развој на образованието.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование во одделенска настава, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува наставник по физичко и здравствено образование.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програма за реализација на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“. Училиштето не вклучено во проектот на Министерството за образование и наука за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието иима изберено партен училиште.

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се идентификувани 9 ученици со потешкотии во учењето, за кои е дадена и наод со функционална проценка од страна на МКФ.

Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план, го избираат учениците во согласност со нивните родители.

Согласно наставните планови се спроведува и постапката за избор на слободни изборни предмети за учениците од IV, V и VI одделение, преку анкетирање, согласно новата концепција за основно образование.

Во училиштето се организира продолжен престој за учениците од I до III одделение, согласно Упатствата за настава во продолжен престој.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат и секциите, но актвни се: физика, математика, англиски јазик, германски јазик, хемија, хор и оркестар и еколошката секција.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво, организирани од страна на акредитирани здруженија на наставници.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години се земало учество на општински и регионални натпревари по: физика, математика, англиски јазик, германски јазик, хемија, хор и оркестар. На државни натпревари, во последните три учебни години освоени се две први и едно трето место по германски јазик, две втори и една трета награда по математика и бронзен медал на олимпијада, како и втора награда по хемија и прво место на државен натпревар по хор и оркестар. Двајцата наставници по ФЗО тренираат екипи за пинг-понг (машки и женски), кошарка (машки и женски), фурсал машки, ракомет машки, борење и еко активности (пешачњење и велосипедизам). Земаат

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

учество на натпревари во меѓуопштинска лига на кои освојуваат едно од првите три места. Оваа учебна година на државно првенство во борење освоени се прво и второ место.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по учебни години.Педагошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи и споредбени анализи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по етничка припадност, наставни предмети и паралелки.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 3,92 во учебната 2020/2021 година, 3,69 во учебната 2021/2022 година и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 3,96.

За учениците кои постигнуваат слаби резултати и за учениците кои постигнуваат одличен успех, училиштето изготвува месечен распоред за дополнителна и додатна настава. Реализацијата на дополнителната настава во предметна настава од страна на поголем број наставници, делумно задоволува.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Во учебната 2020/2021 година бројот на изостаноци по ученик изнесува 6,57 оправдани и 3,19неоправдани изостаноци, во учебната 2021/2022 година – 17,6оправдани изостаноци и 5,0неоправдани и во учебната 2022/23 година, бројот на оправдани изостаноци по ученик изнесува 15,7 и 3,6 неоправдани изостаноци .

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Во учебната 2021/2022 година - испишани се 13 ученици, во учебната 2022/2023 година - испишани се 21ученици и во учебната 2023/2024 година - 42 се испишани ученици. Евидентирана е и појава на запишување на ученици во училиштето. Во учебната 2021/22 година –запишани се 10ученици, во учебната 2022/2023 година - запишани се 7 ученици и учебната 2023/2024 година – запишани се 2 ученици. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се спроведува согласно закон и на учениците им е издадена преведница за запишување во другото училиште.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот и психологот во годишните програми за работа. Наставниците во предметнанастава изготвуваат годишни, тематски планирања и оперативни планови за час (дневни подготовки). За наставните предмети: математика, природнинауки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програмин аКембриџ. Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците во одделенска настава и шесто одделение реализираат нови наставни програми врз основа на изготвените планови за реализација на наставните програми за секоја тема и сценарија за час од странана стручните активи, како и неделни планирања изготвени од наставниците индивидуално, кои се основа за водењето на електронскиот дневник.

На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања кај педагогот, кои врз основа на образец со јасни критериуми, вршат следење на квалитетот на планирањата и даваат повратна информација.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлукабр.01-363/1 од 20.08.2021година), кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим во соработка со ресурсен центар ОУ„ Св. Климент Охридски“ – Ново Село – Струмица, обезбедува поддршка за изработка на ИОП за 9 ученици со пречки во развојот. Ангажирани се 3 образовни асистенти. Има вработено двајца специјален едукатор и рехабилита.

Најголем број од наставниците во одделенска настава и поголем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми, методиитехникивонаставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но кај дел од наставниците, методите што ги користат не сесекогаш се соодветно избрани, односно секористат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потребина учениците.

При задавање и проверка на домашната задача, поголем број од наставницитене се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Со податоците за постигањата на учениците, родителите редовно се информираат на родителските средби, на индивидуални средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионалнаориентацијакојаесоставенделна Годишната програма за работа. Од страна на стручните соработници се реализираат активности со учениците во осмо и деветто одделение. Учениците се информираат за видовите на професии и можностите за продолжување на образованиетоисо Конкурсот за запишување во средни училишта.

Училиштето располага со мал дел од потребните нагледни средства кои се користат од страна на наставниците.

За утврдување на потребите од наставни средстава и помагала во училиштето се воспоставени договорни процедури. На почеток од учебната година се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за настава и други потреби, преку стручните активи.

Училишната библиотека располага со 4 519 наслови или вкупно 5 314 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд, стручна литература, енциклопедии, стручни изданија, прирачници, поезија, странска литература и др.). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката работи 2 наставника кои дополнуват до полно работно време. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга и електронски . Библиотеката има работното време од 7.00 до 19.00 часот. Во библиотеката се чуваат и бесплатните учебници.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 15-наставници во одделенска настава и 31 наставници во предметна настава или вкупно 46 наставници (2-мр ,31-ВСС и 3- ВШС). Од наставниот кадар 41 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 4- наставник на определено работно време со полн фонд на часови и 1 - наставници на определено работно време со неполн фонд на часови. Мал број од наставниците работат и во други училишта поради неполниот фонд на часови и обратно. Тројца наставници се приправникци за кои се обезбедени ментори. Во училиштето сите наставници се соодветни.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основно образование е од редот на Советот на родители. Во работата на училишниот одбор се вклучуваат двајцата преставници од ученичкиот парламент.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со дел. бр. 01-254/2 од 17.06.2021 година.

Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од Министрество за образование и наука со дел.бр. 18-1806 од 12.08.2021 година.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-375/1 од 20.07.2023 година, со одлука од општината дел.бр. 09-1577/1 од 31.08.2023 година.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр.. 01-356/2 од 07.07.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-357/2 од 07.07.2023 година.

## Карактеристики на училиштето

Општинското училиште “Малина Попиванова“ е деветгодишно основно училиште во Кочани. Училиштето нема подрачни училишта и опфаќа ученици само од градот, според општинската реонизација за опфат на учениците. Наставниот процес од прво до деветo одделение го реализираат 46 наставници од кои 16 во одделенска и 30 наставник во предметна настава(2-мр ,31-ВСС и 3- ВШС). Во стручната служба работат педагог, психолог и два дефектолога. Двајца дефектолози се работно ангажирани за реализација на наставата во паралелките за учениците со посебни образовни потреби. Од оваа учебна година, по доставено барање од училиштето и добиена согласност од Министерството за образование и наука бр.12-7963/2 од 21.08.2023, се организира и продолжен престо,ј во кој се вклучени ученици од различни праралелки од прво до трето одделение,во согласност со родителите. Во оваа учебна годинаво училиштето има 463 ученици(378-македонци и 85-роми) во распоредени 29 чисти 1 комбинирана паралелка, од кои 16 паралелки од прво до петто и 14 паралелки од шесто до деветo одделение. Во училиштето работат и 2 издвоени паралелки ( ена чиста и една комбинирана паралелка) за ученици со посебни потреби во предметна настава, со вкупно 6 ученици. Училишниот двор е ограден со метална ограда со три влеза со површина од 9 677м$^2$ хортикултурно е уреден од само од предната страна. Училиштето располага со спортски терени за: мал фудбал, ракомет и кошарка. Училишните згради во Кочани е изградена во 1965 година со вкупна површина од 1 620 м$^2$, располага со: 14 училници и 6 кабинета (Музичко образование, Ликовно образовани, Природни науки, Техничко образовани, Англиски јазик и сензорна соба за ученици со посебни потреби) и библиотека. Канцелариски простории се обезбедени за директор, наставници, психолог, педагог-дефектолог, секретар, и благајник-книговодител. Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 244 м$^{2,}$ со стандардна висина, доволно осветлена. Училиштето располага со спортски терени за: мал фудбал, ракомет, кошарка, одбојка, мал тенис и терен за скок во далечина. Наставниот процес во училиштето го реализираат 46наставника, од кои 16 наставници во одделенска настава и 30 наставници во предметна настава. Училишната библиотека располага со 4 519 наслови или вкупно 5 314 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд, стручна литература, енциклопедии, стручни изданија, прирачници, поезија, странска литература и др.). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката работи 2 наставника кои дополнуват до полно работно време. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга и електронски . Библиотеката има работното време од 7.00 до 19.00 часот. Во библиотеката се чуваат и бесплатните учебници.

## 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1.Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Малина Поиванова“- Кочани се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, во седмо, осмо и деветто одделение, наставата се реализира според програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од Биро за развој на образованието и одобрени од Министерство за образование и наука. Во паралелките од прво до шесто одделение, воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование, донесена со Решение бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, од страна на Министерот за образование и наука.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучуваат и наставници по физичко и здравствено образование, кои се соодветни согласно Нормативот определен во наставните програми.

Училиштето изработува брошура и при уписот на првачињата, како и на првата родителска средба, ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата, вклучително и за програмите кои се однесуваат за интегрирано образование.

Во училиштето се реализираат и програмите: Образование за животни вештини (на одделенските часови), Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените самостојни и заеднички активности со партнер училиште), Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Антикорупциска едукација за учениците. Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 9 ученици со пречки во развојот. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста според МКФ, за 8 ученици се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови, а со 1 ученик се работи по модифицирана програма. Како училиште со посебни паралелки, согласно законските прописи, со Решение од МОН, арх. бр.02-245/2 од 11.06.2021 година, преминува во Центар за поддршка на ученици со посебни образовни потреби. Тројцата дефектолози од училиштето се распределени за давање на поддршка за ученици со пречки во развојот во основните училишта во Зрновци, Оризари и Чешиново. Во посебните паралелки опфатени се вкупно 6 ученика со пречки во развојот (2 во шесто одд. и 4 во комбинирана паралелка во седмо, осмо и деветто одд.). Со двајца ученици во шесто одд. се работи по индивидуален образовен план, со еден ученик во осмо одд. се работи по модифицирана програма и со тројца ученици се работи според наставни планови и програми одобрени од БРО и прилагодени според нивните можности и потреби.Најголем дел од предметите во шесто одд. ги реализира специјален едукатор и рехабилитатор, а останатите од други вработени наставници.

Училиштето по наставен план, а согласно концепцијата и водичот за слободни изборни предмети, на учениците нуди слободни изборни предмети од четирите категории кои ученикот ги избира во текот на една учебна година (еден во прво и еден во второ полугодие), а во првиот образовен период, слободните изорни предмети се реализираат во форма на слободни активности. За учениците од седмо до деветто одделение се нудат три изборни предмети според наставниот план. Изборот на предмети се врши по спроведени анкети.

Согласно Законот за основно образование и Концепцијата за основно воспитание и образование, во училиштето се реализира проширена програма со која организирано се прифаќаат учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред почетокот на часовите и еден час по завршување на наставата, во согласност со родител/старател. Од оваа учебна година, по доставено барање од училиштето и добиена согласност од МОН (бр.12-7963/2 од 21.08.2023), се организира и продолжен престо,ј во кој се вклучени ученици од различни прапаралелки и одделенија, во согласност со родителите. За време на продолжниот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обрски согласно со годишната програма за работа.

Програмата за работа со надарени и талентирани ученици е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето, но работата со истите се сведува само на подготовка на учениците за учество на натпревари преку додатната настава.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во поставените цели од наставните програми, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции и спортски настани организирани од општината, хуманитарни акции, организирани посети на локалната самоуправа и посета на објекти и институции во општината.

Училиштето има разработено насоки за интегрирање на меѓупредметните цели, и поголем дел од наставниците истите ги применуваат.

Училиштето нема покренато писмена иницијатива до надлежен орган за изменување и дополнување на наставните планови и програми. За истите се дискутира на состаноци на органи и тела во училиштето, како и на родителски средби.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците.

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности по сопствен избор. И покрај тоа што во Годишната програма за работа како воннаставни активности се наведени секции, на состанокот со членовите на ученичкиот парламент е добиена информација дека истите не се реализираат.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години се земало учество на општински и регионални натпревари по: физика, математика, англиски јазик, германски јазик, хемија, хор и оркестар. На државни натпревари, во последните три учебни години освоени се две први и едно трето место по германски јазик, две втори и една трета награда по математика и бронзен медал на олимпијада, како и втора награда по хемија и прво место на државен натпревар по хор и оркестар. Двајцата наставници по ФЗО тренираат екипи за пинг-понг (машки и женски), кошарка (машки и женски), фурсал машки, ракомет машки, борење и еко активности (пешачњење и велосипедизам). Земаат учество на натпревари во меѓуопштинска лига на кои освојуваат едно од првите три места. Оваа учебна година на државно првенство во борење освоени се прво и второ место.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Во декември 2012 година, основачкото собрание на веќе основаниот ЗУСК МУЛТИ АКТИВ-СПОРТ при ООУ„Никола Карев“ – Кочани, има донесено Одлука за промена на седиште на УСК МУЛТИ АКТИВ-СПОРТ од 24.01.2013 година. Централниот регистар на РМ има донесено Решение со упис на промената на 14.02.2013 год., со која седиштето на ЗУСК се префрла на ул.„Тодосија Паунов“ бр.95 Кочани, која е адреса на ООУ„Малина Попиванова“- Кочани. Во Решението како овластено лице - претседател на ЗУСК е наведен Стојанчо Димитров кој е вработен на определено работно време на работно место психолог, а како сопственици остануваат истите лица при првото основање на УСК: Весна Вучева, Дарко Јованов, Оливер Јовановски, Ивица Цимбаљевиќ и Трајан Трендов. По стапувањето на сила на законските измени и известувањата од МОН за организацијата и основањето на УСК, во периодот од месец септември 2014 год. до денес не е извршена промена на сопственичката структура на УСК МУЛТИ АКТИВ-СПОРТ во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани согласно став (1) од член 43 од законот за Основно образование. За афирмирање на воннаставните активности во училиштето се користи Facebook профилот на училиштето, Веб страната на училиштето, локални, регионални и државни медиуми, патронен празник.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1.Постигања на учениците

Стручните соработници изготвуваат статистички извештаи и анализи само на полугодие и на крај на учебната година. Не се изготвуваат квартални анализи и извештаи на тромесечие. Во извештаите и анализите се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, по наставни предмети и паралелки, но истите не содржат предлог мерки за подобрување на постигањата на учениците

Средниот успех на учениците, согласно изготвените изештаи, на крајот од првото полугодие од учебната 2020/2021 година е 3,46; во учебната 2021/2022 година е 3.36; 3.18 во учебната 2022/2023 година, и 3.11 на полугодие во учебната 2023/2024 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, изнесува 3,92 во 2020/2021 година; 3,69 во учебната 2021/2022 година и на крајот од учебната 2022/2023 година е 3.96. Евидентно е дека на крајот на учебната година се утврдуваат повисоки оценки за разлика од оние на полугодие.

Училиштето има систем на детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на овие ученици избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Дополнителна и додатна настава се реализаира од најголем број на наставници во одделенска настава. Поголем број наставници во предметна настава евидентираат реализација на дополнителна и додатна настава, но реализацијата на дополнителна настава делумно задоволува.

Се следат постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, но нема информации за постигањата при премин во средно образование.

Соработката на училиштето со родителите – роми, во однос на напредокот и постигањата на учениците е мал.

Советувањето на родителите и учениците го врши психологот. Согласно податоците во формуларите за извршени советувања, во учебната 2020/2021 година година по основ намален успех кај учениците на советување биле поканети 30 родители, за нередовно посетување на настава 45 родители и 8 родители за несоодветно однесување. Во учебната 2021/2022 година по основ намален успех кај учениците на советување биле поканети 31 родители; за нередовно посетување на настава 49 родител и 10 родители за несоодветно однесување. Во учебната 2022/2023 година, по основ намален успех биле поканети 26 родители, за нередовно посетување на настава 41 родител и 12 родители за несоодветно однесување. Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година, по основ нередовно посетување настава биле поканети 19 родители, за нередовно посетување на настава 25 родители и 10 родители за несоодветно однесување.

Психологот изјави дека ефектите од советувањата се позитивни кај мал дел од учениците. Најчесто се работи за родители и ученици од ромска етничка припадност, кои не се заинтересирани за соработка и подобрување на состојбата со нивните деца.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со пречки во развојот. Има изградено политика за запишување и презема различни активности да ги опфати сите деца од својот реон.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и презема конкретни активности. Просечниот број наизостаноци (оправдани и неоправдани) во учебната 2020/2021 година изнесува 9,7 по ученик; во учебната 2021/2022 година – 23,5 изостаноци и во учебната 2022/23 година изнесува 19,2. Просечниот број на неоправдани изостаноци во учебната 2020/2021 година изнесува 3,2 по ученик; во учебната 2021/2022 година изнесува 5,9 по ученик; и во учебната 2022/23 година изнесува 3,6 по ученик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во учебната 2021/2022 година испишани се 13 ученици, во учебната 2022/2023 година се испишале 21 ученик и во учебната 2023/2024 година се испишале 42 ученици. Вкупно 76 ученици се испишале во последните три учебни години, а се запишале 29 ученици. Најчеста причина за напуштање на училиштето се наведува иселувањето и заминување на семејствата во странство, а многу помалку запишување на учениците во друго училиште во општината или во училиште од друг град. Училиштето за учениците кои заминуваат во странство, нема податоци дали истите го продолжуваат своето образование.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се спроведува согласно закон, и на учениците им се издава преведница за запишување во друго училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години, вкупно 30 ученици го повторувале одделението (6 ученици во 2020/2021; 15 ученици во 2021/2022 година и 9 ученици во 2022/2023 година).

Учениците и родителите се запознаени со правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот од наставната година.

## 3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1.Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од странана стручните соработници и директорот во годишните програми за работа.

На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања кај педагогот, кој врз основана образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација. Кај најголемиот дел наставници, доставените планирања ги содржат неопходните елементи за организација и реализација на наставата. Целитенанаставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во нивните планирања. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на индивидуалните образовни планови за учениците со пречки во развојот и соработува со ресурсен центар „Св.Климент Охридски“ од Ново Село.

Поголемиот број наставници навремено ја планираатредовната, додатната, дополнителнатанаставаивоннаставнитеактивности. Имаат годишни, тематски, неделни планирања, дневни планирања или сценарија за наставен час. Планирањата ги содржат потребните елементи, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците кои потешко напредуваат. Се изготвуваат и планови за реализацијана „Програмата образование за животни вештини“ на одделенските часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот замеѓуетничка интеграција на младите во образованието. Наставниците не водат наставнички потрфолија во кои ќе прибираат документација и материјали од реализација на содржини и работилници од програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови, чек листи за формативно оценување, , користење на интерактивни форми, методи и техники на учење, изработки од ученици и сл.

Училиштето им овозможува нанаставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Најголем дел од наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од други училишта. Изготвуваат програмии и звештаи заработата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.02-363/1 од 20.08.2021 год. ) кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за учениците со пречки во развојот.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнител на настава.

## 3.2.Наставен процес

Најголем број од наставниците во одделенска настава и поголем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми, методиитехникиво наставата.

Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не сесекогаш соодветно се избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

НајголембројоднаставницитесеобученизаупотребанаИКТиновиобразовнитехнологиивонаставата. Зареализацијананаставатасекористатрасположливите наставни средства, 4 интерактивни табли, 2 ЛЦД проектори, 5 телевизори и комјутери во кабинет по информатика. Потребно е набавкатананаставниинагледнисредства и интерактивни табли, да биде од приоритетно значење, со цел реализација на наставните програми и унапредување на наставниот процес.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за времена часот, не секогаше приспособен на индивидуалните образовни потребина учениците. Наставниците користат учебници, материјализа учење, прирачен материјал и расположливи ресурси.

Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 9 ученици со пречки во развојот. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста според МКФ, за 8 ученици се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови, а со 1 ученик се работи по модифицирана програма. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Св. Климент Охридски“ од Ново Село - Струмица, преку кој за помош и поддршка во работата со учениците се ангажирани три образовени асистенти.

Идентификувани се 11 ученици со потешкотии во учењето кои се без наод и мислење за видот на попреченоста. Со учениците со пречки во развојот кои се вклучени во редовната настава работи училишниот дефектолог, за што води уредна документација и евиденција.

Во посебните паралелки опфатени се вкупно 6 ученика со пречки во развојот (2 во шесто одд. и 4 во комбинирана паралелка во седмо, осмо и деветто одд.). Со двајца ученици во шесто одд. се работи по индивидуален образовен план, со еден ученик во осмо одд. се работи по модифицирана програма и со тројца ученици се работи според наставни планови и програми одобрени од БРО и прилагодени според нивните можности и потреби.Најголем дел од предметите во шесто одд. ги реализира специјален едукатор и рехабилитатор, а останатите од други вработени наставници.

Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците во одделенска настава. Дополнителна настава во предметна настава не се реализира во целост.

При задавање на домашната задача, најголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството заначинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основнотоо бразование.

За учениците кои покажуваат значителен интерес и резултати по поедини предмети се организира додатна настава. Додатната настава најчесто одржува за подготовка на учениците за учества на натпревари.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, но мал број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Поголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работана стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај наставниците. Директорот вршел посета само на часови по ФЗО. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Не се следи реализацијата на часовите за додатна и дополнителна настава, како и реализацијата на Програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјали пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактерна Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не, се што се учи е поврзано сосекојдневието, применли во и корисно во реалниот животи ги оспособува за активно учествово демократско и мултикултурно општество.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и даизведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, и има изготвено

програма за работа. Изберени се двајца претставници за учествово работата на училишен одбор. Од одржаните состаноци се водат записници. Вклучени се во организирање на активности и одбележување на значајни датуми во и надвор од училиштето.

**3.4. Задоволување на потребите на учениците**

Наставниот кадар и стручните соработници ги препознаваат индивидуалните образовни потреби и пречкиво процесот на учење на учениците, но не се преземаат доволно активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките. Образовните потреби на учениците треба да се определуваат индивидуално (за секој ученик посебно) и со нивното задоволување да се обезбеди остварување на максималните потенцијали за постигнување на ученикот.

Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручните соработници и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите, и се организира дополнителна настава**.** Поддршкатана учениците со тешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите како и за домашна работа се применува од мал број наставници. Додатна настава најчесто се реализира за подготовка на ученици за натпревари или како подготовка за тестирање.

Учениците со потешкотии во развојот се препознаваат при уписот во прво одделение. За потребите на учениците со пречки во развојот опремена е сензорна соба. Заради оптимално користење на истата и подеднаква можност за работа со сите ученици од страна на дефектолозите, потребно е да се направи распоред. Преку НВО Отворете ги прозорците набавена е асистивна технологија, која се уште не е во функција поради потреба од нејзино инсталирање од страна на стручни лица.

Врз основа на Законот за основно образование, а според Концепцијата за основно воспитание и образование во училиште се реализира проширена програма, со која организирано се прифаќаат учениците еден час пред почетокот на часовите и еден час по завршување на наставата. Во училиштето се организира и продолжен престој.

**3.5. Оценувањето како дел од наставата**

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текотна годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и од учениците и од родителите кои сметаат дека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки од оние на полугодие.

Мал број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Поголем дел од наставниците во предметна настава го следат и го оценуваат напредокот на учениците во сопствени тетратки или на посебни евидентни листови. Натавниците во одделенска настава документираат докази за формативно оценување кои се составен дел од досието на секој ученик. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Постигнувањата на учениците со пречки во развојоте во согласност со целите во ИОП и и Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост.

Поголембројоднаставницитередовноимдаваатповратниинформацииназучениците занивната работаинасокизаподобрувањенапостигањата.

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете посекој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот научебната година.

Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е–Дневникот.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и непретставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.

Училишниот двор е целосно ограден, уреден и чист, со поплочени патеки, паркинг простор, спортски игралишта, зелена површина и цвеќиња.

Пристапотвоучилиштетоеприлагодензавлезналицасофизичкапопреченост.

Склучени се полиси за осигурување на училишната зграда со Халк осигурување А.Д“ – Скопје, на наставниците и учениците на доброволна основа со осигурителна компанија – Граве осигурување и Винер осигурување. Во изборот на осигурителната компанија за учениците, вклучени се родителите преку Совет на родители. Училишната опрема и мебелот е осигурана преку Халк осигурување А.Д“ – Скопје.

Училиштето има изготвено Правилник за заштита од пожари и експлозии, бр.02-547/1 од 18.12.2014 година, План за заштита и спасување од пожари и оперативнио тактички мери за евакуација со број 01-161/1 од 20.03.2013 година. Проценка на загрозеност за можни опасности, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, бр.01-503/1 од 23.11.2021 година, Елаборат за подготвување на показна вежба за заштита и спасување од пожар и други елементари непогоди, бр.01-161/1 од 20.03.2013 година со шема на влезни и излезни патишта на возила и евакуација на луѓе и материјални добра, План за евакуација и Согласност на планот од Подрачно одделение за заштита и спасување со бр. 09-168/2 од 24.11.2021 година и Мислење за планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи со број 09-167/2 од 24.11.2021 година... Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода е изведена 2022 година.

На училишната зграда поставена е громобранска инсталација. Од страна на инспекциско тело за електрични мерења и испитувања, извршен е преглед и доставен е заклучок дека врз основа на добиените резултати, громобранската инсталација е исправна за користење. Училишната зграда е обезбедена со 16 камери за видео надзор Поставени се 13 ПП апарати кои се во функција и редовно се сервисираат од страна на надлежна институција 08.04.2024 година. Два вработени во училиштето поминале показна вежба за правилна употреба и ракување со противпожарни апарати. Обучени се девет наставници за давање прва помош на вработени и ученици при несреќни случаи.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците и стручните соработници. На влезот во училиштето не се организираат дежурства од страна на ученици.

Училиштето има донесено Куќниот ред (бр. 03-50/2 од 22.01.2024 година) и Кодекс на однесување на учениците (бр.02-311/6 од 29.08.2019) и Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници (бр. 02-311/6 од 29.08.2019 година), кои се истакнати во училишните простории и училишниот хол.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, и не се дистрибираат и користат наркотични средства. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични средства училиштето организира предавања.

Училиштето има пишани документи во кои се дефинирани облици на однесување на децатаи возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденцијаз а појавните форми на насилство. Не се евидентирани примери наинасилство манифестирани од страна на возрасните. Стручните соработници и одделенските раководители реализираат работилници на оваа тема.

Нема организирана исхрана на учениците во училиштето. Учениците со храна се снабдуваат од околните сендвичари и продавници. Училиштето обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето се организираат предавања и активности за здрава храна.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на овие ученици, а за три ученика е образовен асистент од МОН. Има еде ученик со физичка попреченост во прво одделение. Пристапот до училиштето е прилагоден на потребите на лица со физичка попреченост, неговото движење е возможно само на први кат. Нема прилагоден тоалет за вакви лица.

Училиштето води евиденција за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Идентификацијата се врши при запишувањето на учениците во училиштето, кога за секој ученик се пополнува социјален картон. Училиштето обезбедува материјални средства за ученици кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставатаподистиусловикакодругитеученици, соорганизирање на хуманитарни акции од страна на ученичката заедница и со помош на социјалниот работник и Црвен Крст.

**4.2 Здравје**

Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Хигиената во училниците, спортската сала и ходниците е незадоволителна. На состанокот со учениците беше изјавено дека иако хигиената во тоалетите е подобрена, сепак имаат поплаки за истата и немањето на сапун и тоалетна хартија.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) од Центар за јавно здравје. Во случаи на појава на зараза од грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со епидемиолошката служба и ги следи насоките дадени од нив.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи. За наставниот кадар, пред почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за што се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години). Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ПЗУ Поликлиника „ Медика“- Струмица на 27.02.2023 година, а санитарни прегледи на 22.08.2023 година. Секоја година се организира вакцинација, систематски и стоматолошки прегледи за учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита, за што се води евиденција.

Училиштето за учениците кои заради хронично заболување или други оправдани причини подолго време отсуствуваат од настава, постапува согласно одредбите од Законот за основно образование.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упатува до соодветни институции (Центар за социјална работа, здравствени установи и др.).

**4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионална ориентација, која е составен дел на Годишната програма за

работа. За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации.

Предвидени се активности за самоспознавање на учениците преку работилници на одделенските часови во осмо и деветто одделение, ликовно и писмено изразување на идните занимања, анкети за продолжување на образованието, прашалник за професионални интереси и способности. Учениците се информираат за видовите на професии и можностите за школување и со Конкурсот за запишување во средни училишта. Од страна на психолог се изработува брошура со која на учениците им се даваат насоки за вистинскиот изборо на професијата и колку тоа има клучна улога во развојот на личноста.

Се вршат посети од средни училишта кои нудат информации за уписите и се користат промотивни материјали за запознавање научениците со програмите кои се реализираат во средното образование и условите за работа.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Редовно се изготвуваат прегледи, анализи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на тримесечие, полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Наставниците изготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат до стручните соработници за понатамошна обработка и се достапни за сите други наставници, родители и ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците, родителите се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесеçје и на полугодие, преку свидетелствата на крајот на учебната година и Е – дневник на паралелка.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области. Има континуитет во градењето на добар углед во општината и пошироко. Главните правци во работењето на училиштето произлегуваат од мисијата и визијата. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја поддржува инклузивноста, го зајакнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот, го негува мултикултурализмот. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, со исклучок на изолирани случајеви. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Најголем број од наставниците уживаат почит кај родителите и учениците. Раководниот орган, стручната служба и наставниците обезбедуваат добра атмосфера во училиштето.

Училиштето има донесено Кодекси на однесување со кој се поставени правилата на однесување на учениците, родителите и наставниците. Куќниот ред е поставен на видно место на влезот во училиштето. Поведението и дисциплината на учениците е на добро ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Дисциплината во училиштето е добра, со исклучок на мал број случаи. Во првото полугодие од оваа учебна година изречени се 7 педагошки мерки и тоа: 1 - усна опомена, 2 – писмена опомена и 4 намалување на поведението. Во учебната 2022/2023 година изречени се 13 педагошки мерки и тоа:6 - усна опомена, 6– писмена опомена и 1 намалување на поведението. Во учебната 2021/2022

година изречени се 9 педагошки мерки и тоа:2 - усна опомена, 6 – писмена опомена и 1 намалување на поведението. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува во целост.

Формиран е ученички парламент, изберено е раководство и има изготвено програма за работа. Работат под менторство на психологоти дефектологот, кој со членовите има реализирано работилница за борба против говор на омраза, мултикултурна работилница, презентација за запознавање со Упатството за постапување и пријавување насилство. Даваат идеи за Новогодишната програма, Велигден. Ученичкиот парламентиницира состаноци и активности и работат на самостојно иницирани проекти. Од страна на педагошко - психолошката служба се реализирани работилници на темите: насилство, конфликти, насилничко однесување, правила на однесување во група и позитивен однос кон детето за сигурни резултати во воспитувањето.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент за промовирање на постигањата на учениците. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаатаспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиште. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање на учениците. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонннаставните активности.

Училиштетоима политика на поттикнување на наставниците и учениците да учествуваат и постигнуваат резултати на натпревари на локално, регионални, државно ниво, разни конкурси. Постигањата на учениците и активностите на училиштето се промовираат на: патрониот празник,веб страната на училиштето, Faccebok профилот на училиштето, веб страната на општина Кочани, како и на општински,регионалните и државни медиуми. Директорот врши прием и доделува награди и признанија на учениците кои постигнале високи резултати на натпреварите. Градоначалникот на општината доделува парични средства на ново запишаните првачиња и за ученик на генерацијата. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголем број од вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и како да постапуваат во случај на повреда на нивните права.

Најголем број од вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, социјалното потекло, способности, во наставните и воннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и во најголем дел има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштетоима партнер училиште ОУ„Орхан Џемаили“ с.Горно Татеши општина Струга со кој се реализират активности за меѓуетничка интеграција.

### 5.4. Партнерски однос со родителите,со локалната и со деловната заедница

Училиштето презема активности и ја прифаќа поддршката на родителите кои сакаат да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие. Родителите се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање на предавање на конкретни теми од нивната професија, како и во вонннаставни активности. Училиштето користи

ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање на индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови.

Училиштето е активно вклучено во животот на општината преку спроведување на голем број на активности, акции, одбележување на значајни настани. Општината се вклучува во подобрување на условите за работа на училиштето.

Училиштето соработува со институциите на локалната заедница, како и со училишта од европски држави преку Еразмус+ Програмата.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Просторни капацитет

Училишната зграда се од тврда градба. Училишната зграда се состои од суземје, приземје и еден кат. Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во дв училишни згради во Кочани.

Училишните згради во Кочани е изградена во 1965 година со вкупна површина од 1 620 м$^2$, располага со: 14 училници и 6 кабинета ( Музичко образование, Ликовно образовани, Природни науки, Техничко образовани, Англиски јазик и сензорна соба за ученици со посебни потреби) и библиотека. Канцелариски простории се обезбедени за директор, наставници, психолог, педагог-дефектолог, секретар, и благајник-книговодител. Во училиштето има и други простории кои се користат за потребите на техничкиот кадар, санитарни јазли, котлара, работилница, архива и магацини.

Училишниот двор е ограден со метална ограда со три влеза со површина од 9 677м$^2$ хортикултурно е уреден од само од предната страна. Училиштето располага со спортски терени за: мал фудбал, ракомет и кошарка.

Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 244 м$^{2,}$ со стандардна висина, доволно осветлена. Хигиената во фискултурна сала е добра. Во фискултурната сала има простории: з соблекувални за учениците , за спортските реквизити и санитарни јазли. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Просториите во училиште се загрева со парно греење на нафта. Хигиената во училиштето и училишниот двор делумно задоволува.

Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици.

Училиштето е обезбедено со 13 противпожарни апарати кои се навремено сервисирани и 2 хидранти.

Училиштето има систем за електронско читање на работното време и видео надзор со 16 камери.

Училишните згради и ИКТ-технологијата се осигурени во АД осигурителната полиса-Халк, учениците се осигурени во Винер осигурување, додека вработените се осигурени во АД осигурителната полиса-Граве осигурување.

Во училиштето настава посетуваат 463 ученици од I одд. до IX одд., распоредени во 30 паралелки од кои 29 чисти и 1 комбинирана паралелка. Наставата се реализира во две смена.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности.

На двете училишни згради потребно е рекострукција на кровна конструкција, бидејки се дотраени и се од азбесни материјали.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Снабденоста на училиштето со наставните средства е добра, бидејќи училиштето располага со најголем дел од потребни средства по најголем број на предмети кои се користат од страна на наставниците.
За утврдување на потребите од наставни средстава и помагала во училиштето се воспоставени договорни процедури. На почеток од учебната година се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за настава и други потреби, преку стручните активи. Набавките ги врши раководство на училиштето, според потребите и финансиски можности, а набавки на потрошен материјал се вршат континуирано преку јавни набавки.
Училиштето е опремено со: кабинет по природни науки (со голем број наставни средства), 5 персонални компјутери,89-таблети, 19 лап-топ комјпутери за наставниците, 4-смарт табла, 3-фотокопир, 8 принтери-фотокопери со скенери, 8 печатачи, 5-ТВ приемници, 7- касетофони, 2 ЛЦД проектории др.
Училишната библиотека располага со 4 519 наслови или вкупно 5 314 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд, стручна литература, енциклопедии, стручни изданија, прирачници, поезија, странска литература и др.). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката работи 2 наставника кои дополнуват до полно работно време. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга и електронски . Библиотеката има работното време од 7.00 до 19.00 часот. Во библиотеката се чуваат и бесплатните учебници.

Потрошните материјали во училиштето се планират и навремено обезбедуват во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности, согласно со планот на училиштето. Планирањата на потрошни материјали ги вршат стручни активи со договорни процедури, со изготвување листи на потребни материјали. Листите се доставуваат до раководниот кадар кој понатаму во зависност од можностите определува приоритети кои ги вметнува во планирањата за набавки на училиштето.

Наставните материјали се користат оптимално и истите се достапни на сите наставници кои ја реализираат наставата, а следењето на ефективната и ефикасна употреба на наставните средства и материјали во училиштето се врши преку посета на часови. Секоја учебна година се спроведуваат јавни набавки на наставни средства по сите предмети.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 16-наставници во одделенска настава и 30 наставници во предметна настава или вкупно 46 наставници ( 2-мр, 41-ВСС и 3- ВШС). Од наставниот кадар 41 наставник се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 4- наставника на определено работно време со полн фонд на часови и 1-наставник на определено работно време со неполн фонд на часови.Мал број од наставниците работат и во други училишта поради неполниот фонд на часови и обратно. Тројца наставници се приправници за коисе обезбедени ментори и програми.
Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар, сите наставници се Македонци.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручни соработници: педагогот, психолог и два дефектолога.

Во админстративна служба е вработени се: секретар, благајник**,** книговодител, парно грејач-хаус-мајстор и 4 хигиеничари. Потребно е да се зголеми бројот на хигиеничари за да се подобри хигиената во училиштето, во фискултурната сала и во училишниот двор.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар за замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности, особено во предметна настава.

Наставниците во одделенска настава, наставниците кои предаваат во шесто одделение, педагогот и психологот имаат посетено обука за новата Концепцијата за основно образование.

Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, а има и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, психологоти педагогот во текот на учебната година.

Педагогот уредно водат портфолија за професионален развој на наставниците во училиштето.

### 6.5. Финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор е добро. Училиштето има донесено финансиски план за 2024 година и План за јавни набавки за 2024 година**.**Јавните набавки ги врши овластено, сертифицирано, лице со кој училиштето има склучено договро ( со физичко лице) за реализација на јавните набавки и за нивните услуги се предвидени рамковни средства во планот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано комисија за јавни набавки во комисијатаима членови од Училишниот одбор, како механизам на директно следење и контрола од органот на управување.

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање од: издавање на фискултурна сала и два кафе-мата под закуп.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку годишниот финансиски извештај. Раководниот орган познава механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства по пат на донации и спонзорства.

## 7.Управување/раководење со училиштето и креирање политика

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат, освен лицето делигирано од Советот на општина Кочани на кој му е изминат мандатот и се чека на нов член во УО. Претседател на УО, согласно новиот закон за основно образование е од редот на Советот на родители.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 27.12.2021 година, заведен со дел. бр. 01-557/3.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со дел. бр. 01-254/2 од 17.06.2021 година.

Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со дел. бр. 18-1806/1 од 12.08.2021 година.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се покануваaат (но има членови кои не присуствуваат на состанок), секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа делумно задоволува.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-375/1 од 20.07.2023 година, со одлука од општината дел. бр. 09-1577/1 од 31.08. 2023 година.

Директорот на училиштето е именуван со Решение од Министер за образование и наука дел. бр.18-7003/2 од 20.06.2022 година.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.Ја организира работата во училиштето и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства. Директорот не ја следи наставата доволно.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, и е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години, но во истата активностите не се евидентирани по години и месеци на реализација..

Во периодот од последната интегрална евалуациа до денес направени е пормена на комплетна реконструкција на училниците за првооделенците, комплетно реконструирани тоалетите во целото училиште, уредување на училишниот двор со спортски терени, хортикултурно уредување, сензорна соба за учениците со посебни потреби промена на парен котел, термо-енергетска фасада на дел од училишната зграда, промена на вратите во училиштето, набавка на ИКТ- технологија за сите училници и наставен кадар, а во тек е изготвување на документација за реконструкција на кровната површина и останатиот дел на фасадата. Во тек е набавката на бели табли за училниците како и ТВ – приемници.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основно `образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Директорот не доволно ја следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува финансиските средства, исекогаш наменскини транспарентно ги троши.

Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од Еразмус + проекти, издавање на училишната спортска сала под закуп на спортски клубови од општината..

Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се:меѓуетничка интеграција на младите во образованието, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр. 01-356/1 од 07.07.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-357/1 од 07.07.2023 година.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Училиштето има изготвено Програмата за развој на училиштето. Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени ( со мали исклучоци). Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки 2024 година.

За оваа година во планот за јавни набавки дел. бр. 05-71/1 од 26.01.2024 година, во кој планирно финанасиски средства за: набавка намасло за греење - екстра лесно, набавка од електрична енергија, набавка на канцелариски матерјали..Набавките се реализираат во согласно законот за јавни набавки.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (учлници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

## 8.Наоди и препораки

### 8.1.Јаки страни

- **Добри просторни услови за работа и вложување во инфраструктурни проекти за подобри услови ;**
- **Добра соработка со родителите и локалната заедница;**
- **Училиштето води грижазаучениците сопосебни образовни потреби;**
- **Безбедно училиште за реализација на настава и престој на учениците;**
- **Активно учество во манифестации и настани организирани од општината.**
- **За учениците со пречки во развојот е опремена сензорна соба со потребни реквизити, дидактички материјали и сензорно осветлување;**
- **Учества на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво и освојување на едно од првите три места;**
- **Организирање на продолжен престој за учениците;**
- **Училиштето става голем акцент за промовирање на постигањата на учениците.**

### 8.2.Слаби страни

- **Дополнителната настава во предметна настава не се реализира во целост, согласно распоредот;**
- **Наставниците не водат наставнички потрфолија во кои ќе прибираат документација и материјали од реализација на содржини и работилници од програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови, чек листи за формативно оценување, користење на интерактивни форми, методи и техники на учење, изработки од ученици и сл.;**
- **Не е извршена промена на сопственичката структура на УСК „МУЛТИ АКТИВ-СПОРТ“ во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани согласно член 43-астав (1) од ЗОО;**
- **Не се изготвуваат квартални извештаи за постигањата на учениците;**
- **Хигиената во училиштето делумно задоволува, поради мал број на хигиеничари;**
- **Опременоста на училиштето со ИКТ технологија и нагледни средства делумно задоволува.**

### 8.3.Препораки

- **Дополнителната настава во предметна настава да се реализира во целост, согласно распоредот;**
- **Да се водат наставнички потрфолија во кои ќе прибираат документација и материјали од реализација на содржини и работилници од програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови, чек листи за формативно оценување, користење на интерактивни форми, методи и техники на учење, изработки од ученици и сл;**
- **Да се изврши промена на сопственичката структура на УСК „МУЛТИ АКТИВ-СПОРТ“ во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани согласно член 43-астав (1);**
- **Да се изготвуваат квартални извештаи за постигањата на учениците;**
- **Да се зголеми бројт на хигиеничари;**
- **Да се подобри снабденоста со нагледни средства и ИКТ опрема.**

| | |
|---|---|
| **Зоранчо Горгиев, раководител на инспекцискиоттим** | |

| | |
|---|---|
| **Елена Павлова,  инспектор** | |
| **ТатјанаАлексова,  инспектор** | |